**КОНТО ПРОФИТ**

konto@profit.mk | facebook.com/kontoprofit

02 609 1551 | 070 22 11 65

profit.com.mk

# Исплати на дивиденди во 2026 година од аспект на Законот за данокот на личен доход и Законот за данок на добивка

AI 2021 Worldwide Finance Awards WINNER

Konto Profit

Best Financial Reporting & Tax Consulting Firm - Macedonia

МАКЕДОНСКИ КВАЛИТЕТ 2017

MACEDONIAN QUALITY 2017

# Содржина

*Исплати на дивиденди во 2026 година од аспект на Законот за данокот на личен доход и Законот за данок на добивка* ..... 1

1. Поделба на дивиденда: нормативни аспекти ..... 1

1.1. Авансна дивиденда ..... 3

1.2. Покривање на загубите ..... 4

1.3. Одлука за распределба на дивиденда ..... 4

2. Исплата на дивиденда од аспект на Законот за данок на личен доход ..... 5

2.1. Даночна основа и даночна стапка ..... 5

2.1.1. Оданочување на дивиденда исплатена на физичко лице – македонски резидент ..... 6

2.1.1. Оданочување на дивиденда исплатена на физичко лице – нерезидент на Македонија ..... 8

3. Исплата на дивиденда од аспект на Закон за данок на добивка ..... 15

3.1. Исплата на дивиденда на домашни правни лица ..... 16

**Распределбата на дивиденда е секогаш актуелна тема во периодот по поднесување на годишните сметки и финансиските извештаи. Во продолжение ќе се осврнеме на нормативните, даночните и сметководствените аспекти на темата.**

# 1. Поделба на дивиденда: нормативни аспекти

**Согласно член 483 од ЗТД, собирот на содружниците, односно собранието одлучуваат за распоредување на добивката.**

**Во одлуката се прикажува секоја поединечна намена:**

1) износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку има);
2) износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на друштвото (5% од добивкта се додека резервата не достигне 1/10 од основната главнина);
3) **износот којшто се исплатува во вид на дивиденда;**
4) дополнителните издатоци врз основа на одлуката;
5) евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулираната добивка) и
6) износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот од добивката за инвестиции.

**По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, собирот на содружниците, односно собранието го определуваат делот којшто им се доделува на содружниците, односно на акционерите во форма на дивиденда,** според правата што ги дава уделот, односно според родот и класата на акциите.

**Органот на управување може да исплати дивиденда во износ којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распределуваат (кои ги надминуваат законските резерви) и ако се покриени загубите од претходните години, ако тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.**

Гледано низ призмата на билансот на состојба, билансот на успех и даночниот биланс:

- АОП 077 од Билансот на состојба и АОП 255 од Билансот на успех содржат податоци за добивката за годината и таа добивка може да претставува предмет на распределба во форма на дивиденда или да се користи за други цели согласно Закон. Фактички, со одлука во тековната година (вообичаено донесена во февруари во тековната година) надлежните органи на друштвото одлучуваат да ја усвојат годишната сметка и/или финансиските извештаи за претходната година и доколку одлучат да распределат дивиденда од констатираната добивка, исплатата се случува во тековната година (на пример, во февруари 2025 се носи одлука за усвојување на годишната сметка за 2024 година и се носи одлука да се распредели дивиденда од констатираната добивка која се исплаќа во текот на 2025 година). Добивката која се распределува е нето добивка после данок од аспект на данокот на добивка, но е бруто дивиденда од аспект на Законот за данок на личен доход (во таа добивка е содржан и ДЛД кој се одвојува и задржува од страна на исплатувачот при исплата на самата дивиденда);
- АОП 250 од Билансот на успех содржи податок за добивката пред оданочување, додека АОП 251 за загубата пред оданочување со данок на добивка. Едно од овие две полиња е и првото поле (АОП 01) од Даночниот

биланс. Доколку е остварена загуба во АОП 01 од ДБ се пренесува вредност со предзнак минус (-). Доколку друштвото остварило добивка, тогаш добивката намалена за пресметаниот данок од Даночниот биланс треба да е еднаква на вредноста од полињата АОП 077 од Билансот на состојба и АОП 255 од Билансот на успех.

Начините на плаќање на дивидендата ги утврдуваат содружниците на собир на содружниците или преку изјаснување со допишување, односно акционерите на собрание.

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеца по завршувањето на деловната година. **Доколку дивидендата не се исплати во овој рок, по истекот на овој рок на износот на дивидендата која треба да им се исплати на акционерите се пресметува законска затезна камата до денот на исплатата на дивидендата.**

## 1.1. Авансна дивиденда

**На содружниците, односно акционерите може во текот на деловната година од предвидливиот дел од добивката да им се исплати аванс на име дивиденда.**

Со договорот за друштвото, односно со статутот може да се овласти органот на управување на друштвото во текот на деловната година врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца, ревидирани од страна на овластен ревизор да им исплати на содружниците, односно на акционерите аванс на име дивиденда.

**Органот на управување може да го исплати авансот на дивиденда само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за којшто се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка,**

**зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со договорот за друштвото, односно со статутот, за периодот за којшто се пресметува авансот** на дивидендата, ако не се покриени загубите од претходните години, а тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

**За исплата на аванс на дивиденда потребна е согласност на сите неизвршни членови на одборот на директори и едногласна одлука на надзорниот одбор, односно на контролорот.**

## 1.2. Покривање на загубите

Согласно член 484 од ЗТД, собирот на содружници, односно собранието одлучуваат за покривање на загубата. Покривањето на загубите се врши редоследно од следните извори:

1) акумулирана добивка;
2) на товар на задолжителната општа резерва;
3) на товар на посебните резерви за покривање загуби;
4) премии и
5) на товар на основната главнина, со нејзино намалување.

## 1.3. Одлука за распределба на дивиденда

**Со одлуката на собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда се определува:**

1) **износот** на дивидендата;
2) **датумот** на евиденција **според којшто се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда** и

3) **планот за исплата на дивидендата** и денот на којшто дивидендата се исплаќа (ден на исплата) и начинот на кој друштвото ги известува лицата кои имаат право на дивиденда според донесената одлука.

Ако по датумот на евиденцијата и пред денот на исплатата содружникот, односно акционерот изврши пренос на удел, односно на акции коишто му носеле право на дивиденда, ова право за примање на дивиденда се пренесува на лицето на коешто се пренесени уделите, односно акциите, освен ако пренесувачот и лицето на коешто е пренесен уделот, односно акциите заедно не договориле нешто друго.

# 2. Исплата на дивиденда од аспект на Законот за данок на личен доход

Исплатата на дивиденда во Законот за данокот на личен доход (ЗДЛД) е уредено со одредбите од член 55 до член 57 од законот.

Под доход од капитал се подразбираат и дивидендите и друг доход остварен со учество во добивката кај правните лица

## 2.1. Даночна основа и даночна стапка

Основа на данокот на доход од дивиденди претставува износот на бруто-дивидендите, односно доходот од учество во добивката, распределени на обврзникот

Аконтацијата на данокот на доход се плаќа по одбивка, односно исплатувачот на доходот го пресметува, задржува и плаќа данокот на доход за обврзникот при секоја исплата на доход од капитал.

Аконтација на данокот на доход од од дивиденди, се врши со примена на даночна стапка од 10% кога се врши пресметка на бруто дивидендата.

Во случаи кога станува збор за исплата на нето дивиденда во тој случај се применува пресметаната стапка од 11,1111%.

Во продолжение на овој напис ќе се задржиме на практични примери при исплата на дивиденди на физички лица резиденти и нерезеденти на Република Македонија.

### 2.1.1. Оданочување на дивиденда исплатена на физичко лице – македонски резидент

Кога правното лице-исплатувач донело одлука за исплата на дивиденда на домашно физичко лице (резидент на Македонија), обврската за пресметување и плаќање на данокот на личен доход е на правното лице со поднесување на електронска пресметка до Управата за јавни приходи.

**Пример 1:**

**Правното лице Вик ДООЕЛ, по донесена одлука за исплата на дивиденда од остварена добивка по годишна сметка од 2025 година, врши исплата на дивидена на сопственикот на правното лице – Игор Михајловски на ден 6.7.2026 година во износ од 500.000 денари.**

Пресметката е дадена во продолжение:

| # | Опис | Износ |
|---|---|---|
| **1** | Исплатена дивиденда (нето) | 500.000 |
| **2** | Пресметковна даночна стапка | 11,1111% |
| **3** | Данок на личен доход | 55.555 |
| **4** | Бруто дивиденда | 555.555 |

При пополнување на електронската пресметка по основ “доход од капитал - дивиденди за сопственикот Игор Михајловски” правното лице задолжително избира “трансакциска сметка”, и го избира следниот вид на доход и подвид на доход:

| Вид на доход | Подвид на доход |
|---|---|
| Т7 – Доход од капитал | S7.1. Дивиденди и друг доход остварени со учество во добивката |

По одобрување на пресметката, Управата за јавни приходи доделува Фолио број и се издава Рекапитулација за прием со статус „Одобрена“ и налози за едновремено плаќање на данокот на личен доход и исплата на нето доход на трансакциска сметка.

Плаќањето на данокот на доход кај носителот на платниот промет се врши на образец ПП53.

Сметководствената евиденција на исплата на дивиденда по Одлука и банков извод во продолжение:

| Должи (+) | Побарува (-) |
|---|---|
| 951/ 555.555 | 254/ 500.000 |
| | 235/ 55.555 |

Евиденција по одлука за распределба на дивиденда и е-пдд пресметка

| | |
|---|---|
| 254/ 500.000 | |
| 235/ 55.555 | 100/ 555.555 |

Евиденција по банков извод

### 2.1.1. Оданочување на дивиденда исплатена на физичко лице – нерезидент на Македонија

Секогаш треба да се обрне посебно внимание кога домашно правно лице – исплатувач носи одлука за исплата на дивиденда на странско физичко лице – нерезидент на Македонија, односно домашното правно лице потребно е да ги применува одредбите од важечкиот договор за одбегнување на двојното оданочување, доколку физичкото лице го докаже статусот на даночен резидент на државата со која Република Македонија има склучено договор.

Договорите за одбегнување на двојно оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход кои ги има склучено Владата на Македонија со другите држави договорнички може да се превземат од Веб страната на УЈП на следниот линк.

**Пример 2:**

**Домашно правно лице ДОО Глобал, носи одлука за исплата на дивиденда за странско физичко лице – Јосип Обреновиќ од Хрватска, основач на фирмата во Македонија во износ од 500.000 денари.**

**Физичкото лице е резидент на Хрватска.**

**Дали оваа дивиденда ќе биде предмет данок на личен доход и дали постои процедура за ослободување од плаќање на данок на личен доход согласно Договорот за двојно оданочување со Хрватска?**

Обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое не е резидент на Македонија за доходот што е остварен на територијата на Република Македонија. (член 7 став (1) од ЗДЛД).

Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за одбегнување на двојното оданочување по однос на даноците на доход и капитал и за заштита од фискалната евазија имаат склучено Спогодба за одбегнување на двојното оданочување по однос на даноците на доход и капитал и за заштита од фискалната евазија а со примена од 01.01.1997 година.

Согласно член 10 став 1 и 2 од Спогодбата, дивидендите кои ги исплатува друштвото кое е резидент на државата договорничка на резидентот на другата држава договорничка се оданочува во таа друга држава (во конкретниот случај во Хрватска).

Меѓутоа, таквите дивиденди можат да се оданочат и во државата договорничка чиј резидент е друштвото кое ги исплатува дивидендите во согласност со законите на таа држава, но ако примателот е стварен корисник на тие дивиденди, обложениот данок не може да надмине повеќе од:

- 5% од бруто износот на дивидендите, ако стварниот корисник е друштво (исклучувајќи го партнерството), кое држи непосредно најмалку 25% од капиталот на друштвото кое ги исплатува дивидендите,
- 15 % од бруто износот на дивидендата во сите други случаи.

Даночно изземање или пониска стапка одредена во договорот со странска држава се применува на доходот, **ако исплатувачот располага со пропишани обрасци заверени од Управата за јавни приходи и од надлежниот даночен орган на странската држава или одобрение за даночно изземање издадено од органот за јавни приходи (член 82 став (2) од ЗДЛД).**

Имајќи го предвид Договорот во дадениот пример, домашното правно лице потребно е да се обрати до Управата за јавни приход заради спроведување на Постапката за примена на пониска стапка согласно член 10 став 2 од Договорот, односно со поднесување на:

- Барање за намалување односно изземање од данок на доход по видови на доход во согласност со договорите за одбегнување на двојното оданочување (образец “Б-ИДД/ВД“),

УЈП ја спроведува потребната постапка и го заверува образецот со што се одобрува примена на пониска стапка согласно меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување.

**При пополнување на електронската пресметка, домашното правно лице должно е за странското физичко лице да поднесе Пријава за регистрација за даночен обврзник- образец „УЈП-РДО“ (во прилог копија од пасош) заради доделување на Единствен даночен број за странско физичко лице – нерезидент.**

**По доделување на ЕДБ за странско физичко лице – нерезидент, домашниот исплатувач при пополнување на електронската пресметка за „исплата на дивиденда за странското физичко лице“, задолжително го внесува Бројот на Барањето (образец „Б-ИДД/ВД“) со цел системот да одобри исплата на доход (дивиденда) со „5“ стапка на данок на личен доход.**

**Пример 3:**

**Домашно правно лице ДОО Стин, носи одлука за исплата на дивиденда за странско физичко лице – Јозеф Краун од Белгија, основач на фирмата во Македонија во износ од 500.000 денари.**

**Физичкото лице е резидент на Белгија.**

**Домашното правно лице ја нема спроведено процедура за ослободување од плаќање на данок на личен доход согласно Договорот за двојно оданочување со Белгија.**

**Дали оваа дивиденда ќе биде предмет данок на личен доход во Македонија?**

Често пати во пракса се случува оваа ситуација, што подразбира дека во вакви случаи домашното правно лице, пред исплатата на доход има обврска:

- да поднесе Пријава за регистрација на даночен обврзник Образец "УЈП-РДО“, заради доделување на Единствен матичен број за странско физичко лице;
- да поднесе електронска пресметка преку системот „е - Даночни услуги“ - https://e-ujp.ujp.gov.mk согласно член 85 од ЗДЛД;
- да пресмета и задржи данокот на личен доход согласно член 92 од ЗДЛД.

| # | Опис | Износ |
|---|---|---|
| **1** | Исплатена дивиденда (нето) | 500.000 |
| **2** | Пресметковна даночна стапка | 11,1111% |
| **3** | Данок на личен доход | 55.555 |
| **4** | Бруто дивиденда | 555.555 |

При пополнување на електронската пресметка по основ "доход од капитал - дивиденди за странско физичко лице – Јозеф Краун од Белгија" правното лице задолжително избира "трансакциска сметка", и го избира следниот вид на доход и подвид на доход:

| Вид на доход | Подвид на доход |
|---|---|
| Т7 – Доход од капитал | S7.1. Дивиденди и друг доход остварени со учество во добивката |

По одобрување на пресметката, Управата за јавни приходи доделува Фолио број и се издава Рекапитулација за прием со статус „Одобрена" и налози за едновремено плаќање на данокот на личен доход и исплата на нето доход на нерезидентна сметка.

Плаќањето на данокот на доход кај носителот на платниот промет се врши на образец ПП53.

Управата за јавни приходи **по барање на нерезидентот** е должна да издаде **Потврда за платениот данок во Република Македонија согласно член 83 од ЗДЛД**.

**Пример 4:**

**Домашно правно лице ДОО Солушн, носи одлука за исплата на дивиденда за странско физичко лице – Димитри Ставрдис од Грција, основач на фирмата во Македонија во износ од 500.000 денари.**

**Физичкото лице е резидент на Грција, земја со која немаме склучен договор за избегнување на двојното оданочување.**

**Дали исплатата на дивиденда ќе биде предмет данок на личен доход во Македонија?**

Во случаи кога исплатувач (домашно правно лице) исплатува доход на странско физичко лице (нерезидент) а Владата на Македонија нема склучено договор за одбегнување на двојното оданочување со државата во која физичкото лице е резидент, исплатувачот односно домашното правно лице пред исплатата на доход има обврска:

- да поднесе Пријава за регистрација на даночен обврзник Образец "УЈП-РДО“, заради доделување на Единствен матичен број за странско физичко лице;
- да поднесе електронска пресметка преку системот „е - Даночни услуги“ - https://e-ujp.ujp.gov.mk согласно член 85 од ЗДЛД;
- да пресмета и задржи данокот на личен доход согласно член 92 од ЗДЛД.

| # | Опис | Износ |
|---|---|---|
| **1** | Исплатена дивиденда (нето) | 500.000 |
| **2** | Пресметковна даночна стапка | 11,1111% |
| **3** | Данок на личен доход | 55.555 |
| **4** | Бруто дивиденда | 555.555 |

При пополнување на електронската пресметка по основ “доход од капитал - дивиденди за странско физичко лице – Димитри Ставрдис од Грција” правното лице задолжително избира “трансакциска сметка”, и го избира следниот вид на доход и подвид на доход:

| Вид на доход | Подвид на доход |
|---|---|
| Т7 – Доход од капитал | S7.1. Дивиденди и друг доход остварени со учество во добивката |

По одобрување на пресметката, Управата за јавни приходи доделува Фолио број и се издава Рекапитулација за прием со статус „Одобрена“ и налози за едновремено плаќање на данокот на личен доход и исплата на нето доход на нерезидентна сметка.

Плаќањето на данокот на доход кај носителот на платниот промет се врши на образец ПП53.

Управата за јавни приходи **по барање на нерезидентот** е должна да издаде **Потврда за платениот данок во Република Македонија согласно член 83 од ЗДЛД**.

# 3. Исплата на дивиденда од аспект на Закон за данок на добивка

**Од аспект на данокот на добивка, имликацијата е настаната при утврдување на резултатот од работењето (добивката), кога е утврден и одвоен данокот на добивка.**

Имајќи ја предвид даночната регулатива во периодот 2009 – 2013 година, важно е се осврне внимание на членот 48 од Законот за данок на добивка.

Имено, **со член 48 од Законот за данок на добивка пропишано е дека даночните обврзници кои ќе вршат исплати на акумулираните добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година за дивиденди и други распределби од добивката по стапувањето во сила на овој закон имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка. Пресметувањето и плаќањето на данокот се врши на образецот „ДД-ИД – Пресметка на данок на добивка на исплатени дивиденди и други исплати од добивката“. Пресметката се врши по стапка од 10%.**

**Дополнително, согласно член 21 од Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка (Службен Весник 248/2018), даночните обврзници кои согласно одредбите од претходниот Закон за данокот на добивка (Службен Весник 80/93, 33/95, 43/95,... 135/11, 79/13 и 13/14), биле ослободени од обврската за плаќање данок на нераспределена добивка (добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година) а кои ќе вршат покривање на загубите од акумулираните добивки остварени во периодот од 2009 до 2013 година имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка. Пресметувањето и плаќањето на данокот се врши на образецот “ДД-ПЗ“. Пресметката исто така се врши по стапка од 10%.**

**На ова место би потенцирале дека согласно ЗТД никаде не е пропишана облигаторна хронолошка последователност на користење на најстарите акумулирани добивки за покривање на загубите од последните периоди, ниту пак е пропишана хронолошка последователност за прва распределба на дивиденда од најстарите акумулирани добивки.**

Повеќе детални информации на тема **Остварени добивки од 2009 до 2013 година кои се користат за исплата на дивиденда и за покривање на загуба од аспект на данокот на добивка,** ќе најдете во написот на следниот линк.

Согласно постоечките одредби на Законот за данокот на добивка, за исплата на дивиденда која потекнува од остварената добивка од 2014 до 2023 година и која е оданочена со данок на добивка утврден во образец ДБ, **не подлежи на оданочување со данок на добивка** доколку се исплатува кон домашни правни лица, домашни физички лица, странски правни лица и странски физички лица.

**Исплатите на дивиденди кон странски правни лица подлежат на оданочување со задржан данок** согласно член 21 од Законот за данокот на добивка и соодветните Меѓународни договор за одбегнување на двојното оданочување. Повеќе на темата за Меѓународно оданочување со задржан данок (withholding tax) ќе прочитате на следниот линк**.**

## 3.1. Исплата на дивиденда на домашни правни лица

**Тука потсетуваме на член 18 од Законот за данок на добивка согласно кој даночната основа за данок на добивка се намалува за износот на приходите од дивиденди остварени со учество во капиталот на друг обврзник – резидент на Република Македонија, под услов да се оданочени кај обврзникот кој врши исплата на дивиденда.**

Исто така, важно е да напоменеме, дека согласно член 5, став 1, точка 3 од Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и начинот на одбегнување на двојното ослободување или двојното оданочување, даночната основа се намалува за **износот на дивиденди остварени од резиденти на Република Македонија со учество во капиталот на друг обврзник – резидент на Република Македонија, но под услов да се оданочени според стапката утврдена во член 2 од Законот (10%).**

За да се ефектуира ова ослободување односно право на намалување на даночна основа во ДБ, исплатувачот на дивидендата на примателот на дивиденда му доставува изјава, на образец „И-ПД – Изјава за платен данок на добивка“.

Обврзникот, примател на дивидендата, кој ќе искаже податок во ДБ на реден број 42 (АОП 46) *Дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник, оданочени со данок на добивка кај исплатувачот*, задолжително ја пополнува/приложува Изјавата во системот е-даноци при самото поднесување на Даночниот биланс за оданочување на добивката. За целите на системот е-даноци оваа Изјава е прилагодена и се пополнува како прилог табела со податоци.

Во продолжение образец „И-ПД – Изјава за платен данок на добивка“ која може да ја преземете тука.

**Пример 5:**

**Друштвото Максипром ДОО е основано од два содружници со вкупна основна главнина од 350.000 денари.**

**Во 2013, кога друштвото почнало со работа остварена е добивка од 600.000 денари и истата согласно тогашните законски одредби не е оданочена. Оваа добивка не е поделена како дивиденда и од оваа добивка не се издвоени ниту задолжителни резерви.**

**Во наредните периоди друштвото има остварено загуба за деловната година за 2016 во износ од 200.000 денари, за 2017 загуба во износ од 300.000 денари, за деловната 2018 загуба во износ од 100.000 денари, загуба за деловната 2019 во износ од 150.000 денари и добивка за деловната 2020 година во износ од 3.500.000 денари. Во 2022 година е остварена добивка од 170.000 денари.**

**Во текот на 2020 година, по усвојувањето на годишната сметка донесени се и одлука за покривање на акумулираните загуби од претходни периоди и создавање на општа резерва во износ од 1/10 од основната главнина. Загубите согласно одлуките ќе се покријат од дел од добивката остварена во 2021.**

**Со донесената одлука не е предвидено да се дели дивиденда.**

**Понатаму, во 2023, по усвојувањето на годишната сметка, донесена е одлука за распределба на дивиденда во вкупен износ од 700.000 денари која ќе се исплати од добивката од 2021 и ќе биде поделена како дивиденда за двата содружници кои имаат по 50% удел во друштвото – Миле Милевски и Горан Грчевски.**

Во продолжение ги презентираме соодветните одлуки кои се однесуваат на на овие настани во 2021, 2022 и 2023 година и сметководствената евиденција на истите:

Врз основа на член 240 од ЗТД, Управниот орган на друштвото Максипром ДОО на ден 18.2.2021 ја поднесе на увид на Собирот на содружници годишната сметка а Собирот на содружници, врз основа на член 215 и 481 од ЗТД ја донесе следната

О Д Л У К А

За усвојување на годишна сметка

Чл. 1

Според евиденцијата на деловните настани во периодот 1.1.2021-31.12.2021 согласно со, во Р. Македонија усвоените МСС, МСФИ и МСФИ за МСЕ се усвојува и одобрува приложената годишна сметка која е составен дел од оваа одлука со која се утврдува резултат од работењето добивка од 3.500.000 денари.

Чл. 2

Приложената годишна сметка која е составен дел од оваа одлука да се достави до ЦРМ најдоцна до 28.2 во тековната година.

Управител:

Мартин Милевски ____________________

Содружници:

Миле Милевски ____________________
Горан Грчевски ____________________

Скопје, 18.2.2022

Врз основа на член 483 од ЗТД, Собирот на содружниците на друштвото Максипром ДОО на ден 18.2.2022 ја донесе следната

О Д Л У К А

За распоредување на добивката

Чл. 1

Со поднесување на Билансот на успех, како дел од годишната сметка за периодот 1.1.2021-31.12.2021 е утврден позитивен финансиски резултат од работењето – добивка по оданочување, во износ од 3.500.000 денари.

Чл. 2

Добивката наведена во Чл. 1 од оваа Одлука ќе се распредели на:

- Дел за покривање на загуби од минатите години: 750.000 денари;
- Дел за зголемување на законски резерви (Задолжителна општа резерва, согласно чл. 485 од ЗТД, минимум 5% од добивката, додека резервата не достигне 1/10 од основната главнина на друштвото): 35.000 денари;
- Дел за зголемување на статутарни резерви: ____________________
- Дел за распределба во форма на дивиденда;
- Дел за акумулација во наредни години (акумулирани добивки): 2.715.000 денари;
- Дел за реинвестирање во обновување, подобрување и проширување на оперативните капацитети: ____________________

Содружници:

Миле Милевски ____________________

Горан Грчевски ____________________

Врз основа на член 240 од ЗТД, Управниот орган на друштвото Максипром ДОО на ден 14.2.2021 ја поднесе на увид на Собирот на содружници годишната сметка а Собирот на содружници, врз основа на член 215 и 481 од ЗТД ја донесе следната

О Д Л У К А

За усвојување на годишна сметка

Чл. 1

Според евиденцијата на деловните настани во периодот 1.1.2022-31.12.2022 согласно со, во Р. Македонија усвоените МСС, МСФИ и МСФИ за МСЕ се усвојува и одобрува приложената годишна сметка која е составен дел од оваа одлука со која се утврдува резултат од работењето добивка од 170.000 денари.

Чл. 2

Приложената годишна сметка која е составен дел од оваа одлука да се достави до ЦРМ најдоцна до 28.2 во тековната година.

Управител:

Мартин Милевски ____________________

Содружници:

Миле Милевски ____________________
Горан Грчевски ____________________

Скопје, 14.2.2023

Врз основа на член 483 од ЗТД, Собирот на содружниците на друштвото Максипром ДОО на ден 14.2.2023 ја донесе следната

О Д Л У К А

За распоредување на добивката

Чл. 1

Со поднесување на Билансот на успех, како дел од годишната сметка за периодот 1.1.2022-31.12.2022 е утврден позитивен финансиски резултат од работењето – добивка по оданочување, во износ од 170.000 денари.

Чл. 2

Добивката наведена во Чл. 1 од оваа Одлука ќе се распредели на:

- Дел за покривање на загуби од минатите години;
- Дел за зголемување на законски резерви (Задолжителна општа резерва, согласно чл. 485 од ЗТД, минимум 5% од добивката, додека резервата не достигне 1/10 од основната главнина на друштвото);
- Дел за зголемување на статутарни резерви: ____________________
- Дел за распределба во форма на дивиденда;
- Дел за акумулација во наредни години (акумулирани добивки): 170.000 денари;
- Дел за реинвестирање во обновување, подобрување и проширување на оперативните капацитети: ____________________

Содружници:

Миле Милевски ____________________

Горан Грчевски ____________________

Скопје, 14.2.2023

Врз основа на член 487 и 490 од ЗТД и врз основа на донесената Одлука за распоредување на добивката, Собирот на содружниците на друштвото Максипром ДОО на ден 14.2.2023 ја донесе следната

О Д Л У К А

За распределба на дивиденда

Чл. 1

Содружниците одлучија да распределат дивиденда од акумулираните добивки создадени од акумулацијата на добивката создадена во 2021 година и распоредена за оваа цел согласно претходно донесена одлука.

Вкупниот износ кој ќе се распредели во дивиденди е 700.000 денари.

Данокот на личен доход кој треба да се засмета и задржи е составен дел на износот на дивидендата.

Чл. 2

Дивидендата наведена во Чл. 1 од оваа Одлука ќе се распредели и исплати на содружниците впишани како сопственици во ЦРМ на ден на донесување на оваа Одлука, и тоа сразмерно со нивниот удел во Друштвото впишан во ЦРМ, на ден 1.1.2023:

- Миле Милевски со трансакциска с-ка ____________________ - 50%
- Горан Грчевски со трансакциска с-ка ____________________ - 50%

Содружници:

Миле Милевски ____________________

Горан Грчевски ____________________

Скопје, 14.2.2023

Сметководствената евиденција на овие одлуки е прикажана во продолжение.

| **Должи (+)** | **Побарува (-)** |
|---|---|
| 9510/ 750.000 | 9602016/ 200.000 |
| | 9602017/ 300.000 |
| | 9602018/ 100.000 |
| | 9602019/ 150.000 |
| Покривање на акумулираните загуби од претходни периоди (евидентирани на посебна аналитика за секоја година), книжено во 2021 согласно одлуките | |
| 9510/ 35.000 | 9400/ 35.000 |
| Издвојување на општа резерва според член 485 од ЗТД, книжено во 2022 согласно одлуките | |
| 9510/ 2.715.000 | 9502021/ 2.715.000 |
| Пренос на добивката за тековната година во акумулирани добивки (на соодветна аналитика), книжено во 2021 согласно одлуките | |

| | |
|---|---|
| 9502021/ 700.000 | 2540/ 630.000 |
| | 2350/ 70.000 |
| Пресметка и задршка на ДЛД (10%) и издвојување на дел за поделба на дивиденда (предлагаме двата содружници на аналитика 2540 да се водат по комитент) | |
| 9510/ 170.000 | 9502022/ 170.000 |
| Дел од добивката за тековната година наменет за акумулација | |